**ЗАПИСНИК**
**од 19-та седница на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 20.05.2016 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, м-р Ивана Стојановска, Илија Витков.

**Други присутни:** Дејан Георгиевски од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски, ја отвори 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 11:05 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, информира дека г-ѓа Машовиќ, со СМС порака го известила дека со мало задоцнување од 10 минути, ќе пристигне на седницата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за", (г-ѓа Машовиќ не беше присутна во моментот на гласање), го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.05.2016 година.

2. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување.

3. Предлог-заклучок за прекинување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација.

4. Разно.

**Точка 1**

Членовите на Советот го разгледаа и со 5 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Јанчески (г-ѓа Машовиќ, не беше присутна во моментот на гласање), го усвоија предложениот записник од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.05.2016 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски, го образложи предлогот за запирање на покренатата постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување. Објасни дека на претходната седница, поради не извршена целосна уплата на годишниот надоместокот, Советот покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Шења ДООЕЛ Скопје. Во меѓувреме, во законскиот предвидениот рок радиодифузерот во целост го подмирил долгот, со што се предлага да се запре постапката.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-295 од 18.05.2016 година и со 6 гласа „за", (г-ѓа Машовиќ не беше присутна во моментот на гласање), донесе заклучок за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје, бр.08-778 од 13.05.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 3.050.700,00 (тримилионипедесетилјадииседумстотини) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, го образложи Предлог-заклучокот за прекинување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација. Објасни дека на една од претходните седници, Советот донесе Одлука за поведување на постапка за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација по службена должност од страна на ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип, поради што беше констатирано дека основачот на наведениот радиодифузер – правното лице Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, во 2014 година остварувал приходи од вршење на дејноста 73.12 – огласување преку медиуми. Во националната класификација на дејности, дејностите реклама и пропаганда се класифицирани во одделот 73 – Маркетинг (реклама и пропаганда) и истражување на пазарот. Во таа насока, Агенцијата побара од Владата на Република Македонија да поднесе барање за автентично толкување на членот 39 од ЗААВМУ до Собранието на Република Македонија, со оглед на тоа дека Собранието е единствен орган кој дава автентично толкување на законите. Но до овој момент Агенцијата се уште го нема добиено толкувањето.

Г-дин Трајчевски, објасни, бидејќи е отпочната постапка а Агенцијата се уште нема добиено од Собранието автентично толкување на член 39 од ЗААВМУ, за да не се свати од страна на радиодфифузерот дека ова е притисок врз него, покоректно е да се прекине постапката. Кога Агенцијата ќе добие автентично толкување, во зависност од ставот на Собранието, тогаш и Советот на Агенцијата соодветоно ќе се произнесе.

Г-дин Фиданоски, рече дека во првичната верзија на материјалите што ги добиле по оваа точка се предлага да се прекине постапката, а корекцијата се однесува се додека Собранието не се произнесе по тој основ. Ново настанатата ситуација со укинување на одлуката за распуштање на Собранието, не принудува на ваков чекор, затоа што станува збор за поднесен предлог до актуелниот состав на Собранието.

Г-ѓа Машовиќ, во текот на дискусијата на г-дин Фиданоски, пристигна на седницата.

Г-дин Петрушевски, рече дека според него ова е најдобро решение. И тогаш самите членови на Советот имаа доста дилеми, а и тие да биле сигурни, немаше да се бара толкување од Собранието. Ова е најпрактично и најреално решение во моментот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-954 од 19.05.2016 година и едногласно, со 7 гласа „за", донесе Заклучок за прекинување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација кај ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, додека надлежниот орган – Собранието на Република Македонија, не го реши претходното прашање – давање автентично толкување на членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), со текстот како што е предложен заклучокот.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

Подготвил/контролирал:
м-р Ружица Бошнакоска Јотевска

Согласен: м-р Драгица Љубевска

**Бр.02-2886/4**
**31-05 2016 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**